РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПЕХЧЕВО
Бр. 03-1355/1
27. 10. 2022 год.
ПЕХЧЕВО

# ОПШТИНА ПЕХЧЕВО

Равен 8 2326 Пехчево Република Северна Македонија
Тел/факс ++389 033 441 321
e-mail: opstina_pehcevo@t.mk www.pehcevo.gov.mk

## ИЗВЕСТУВАЊЕ

Почитувани граѓани на општина Пехчево,

Ве известуваме дека во наредните денови ќе се отпочне со реализација на законската обврска - заловување на кучиња скитници и кучиња кои имаат сопственик, а слободно шетаат по улиците.

Согласно Одлуката за комунален ред на општина Пехчево, сопствениците на кучиња се должни своите кучиња да ги држат во сопствените дворни места. Кучето може да се изведе надвор од дворното место само со кошница на устата и врзано со каиш придружувано од сопственикот.

Заловувањето на бездомните кучиња и кучињата кои имаат сопственик, а слободно шетаат по улиците, ќе се врши од страна на квалификувани лица на избраната фирма на тендер за заловување на кучиња, на начин кој нема да предизвика непотребна болка или страдање.

Трошоците за заловување и третман на регистрираните и нерегистрираните кучиња се на товар на сопствениците на кучињата, а во случај на бездомни кучиња, товарот паѓа на Општина Пехчево.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА · ОПШТИНА ПЕХЧЕВО · ПЕХЧЕВО

Општински комунален инспектор

С. Стамболиј